Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

Сектор за управен и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак:
Shenja arkivore: ____________
Рок на чување:
Afati i ruajtjes: ____________
______20____година

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА, СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - ЈУНИ 2024 ГОДИНА

Дел. бр. 57 - 6142/ 2

Датум: 04 .07.2024 година

Место: Скопје, 2024 година (м.п.)

Сабина Синан
[име и презиме]

Раководител на Сектор-главен инспектор
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

[потпис]

Република Северна Македонија * Министерство за култура и туризам * Инспекторат за култура * Republika e Maqedonisë së Veriut * Ministria e Kulturës dhe e Turizmit * Inspektorati i Kulturës * Скопје-Shkup * 1

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
*Сектор за управен и инспекциски надзор*

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
*Sektori i Mbikëqyrjes* Administrative dhe Inspektuese

Бр. 57-6142/3
04 07.2024 година

**ДО:**

**РСМ, ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

**-за Даниела Рендевска, претседател на Инспекциски совет**

**Скопје**

**Предмет:** Барање мислење, со достава на списи

Почитувана,

Во врска со член 18 став (1) т. 5 и член 35 ставовите (1) и (2) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/19), и Правилникот за формата и содржината на Извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби („Сл. весник на РСМ" бр. 238/19), во прилог на увид и мислење Ви доставуваме Извештај за работата на Министерството за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор, за периодот јануари - јуни, 2024 година, со дел. бр. 57-6142/2 од 04 07.2024 година, со напомена дека табелите во програмата „Excel", како и наративниот извештај ќе бидат доставени по електронски пат.

Со почит,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Бр. / Nr. ______
04 -07- 2024 20 ___ год. / viti

**Раководител на Сектор-**
**главен инспектор за култура,**

**Сабина Синан**

**Прилог:** како во текстот

Република Северна Македонија
Министерство за култура
и туризам

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
dhe e Turizmit

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА, СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - ЈУНИ 2024 ГОДИНА

Дел. бр. 57 - 6142/

Датум: .07.2024 година

Место: Скопје, 2024 година (м.п.)

Сабина Синан
[име и презиме]

Раководител на Сектор-главен инспектор
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

[потпис]

**Резиме**

**Управување со ризици**

Во I-то полугодие од 2024 г., од страна на инспекторите за култура успешно е постапено по сите поднесени иницијативии издадени налози/наредби до Секторот за управен и инспекциски надзор на МК. Додека, од планираните вкупно 10 редовни инспекциски надзори (по Законот за културата, Законот за музеите и Законот за издавачката дејност), извршени се вкупно 8 (осум) редовни инспекциски надзори, кај субјектите утврдени согласно со донесената Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори во областа на културата од 29.04.2021 г., додека планираните 2 редовни надзори не се извршени поради оправдани причини, т.е. приоритетно вршење на вонредни инспекциски надзори.

**Организација и раководење**

Работите на инспекцискиот надзор од надлежност на МК, се вршени од страна на вкупно 5 (пет) инспектори за култура, со овластувања за целата територија на РСМ.

**Инспекциски надзор**

Во I -то полугодие од 2024 г., извршени се вкупно 62 инспекциски надзори, од кои 8 редовни, 37 вонредни и 17 контролни надзори и тоа 46 по Законот за културата, 6 по Законот за музеите, 5 по Законот за издавачката дејност, 2 по Законот за употребата на македонскиот јазик и 3 по Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата, со подзаконските прописи, а за утврдените недостатоци/неправилности, издадени се вкупно 21 решенија со опомена/наредба, вкупно 12 платни налози и поднесени се 2 прекршочни барања по Законот за културата, со што во I-то полугодие нема значителни отстапувања во поглед на планираните надзори и неправилности (планирани: вкупно 55 надзори, од кои 10 редовни, 29 вонредни и 16 контролни, со 18 неправилности).

**Обука на инспекторите и административните службеници**

Во извештајниот период,инспекторите за култура немаат поминато обука, со оглед на тоа што, преку МК не се добиени покани, за ниту една обука, додека понудените „online“ обуки не беа од интерес за работата на инспекторите за култура

**Буџет и финансирање**

Секторот, нема посебен буџет, туку расходите се намируваат во рамките на Буџетот на МК (плати, гориво, патарини и дневници). Во извештајниот период, според податоците на Секторот за финансии на МК, за платите на инспекторите за култура се исплатени вкупно 2.506.750 денари.

**Меѓународна соработка**

Не е остварена соработка на билатерална или мултилатерална основа, а во насока на зголемување на транспарентноста во работењето, продолжено е со јавното објавување на инспекциските акти.

**Други активности на инспекциската служба**

И во извештајниот период, главниот инспектор за култура согласно со решенијата од 2020 г., има продолжено со извршување на работните задолженија како одговорно службено лице во МК за водење на предмети и вршење на работи за комуникација по предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ, додека еден од вишите инспектори, е назначен за овластено лице за заштитено внатрешно пријавување согласно со Законот за заштита на укажувачи. Во извештајниот период, инспекторите учествуваа во работни тела/комисии, формирани од министерот за култура (постапка за избор на директор, попис, ...).

**Заклучоци и препораки**

Имајќи ја предвид кризната состојба на светското ниво (безбедносна и економска), но и техничките и човечките ресури на Секторот (вк. 5 инспектори за целата територија на РСМ), без нови вработувања во подолг временски период, општата оценка за остварeноста на зацртаните цели и плановина Секторот, е исклучително добра, при што предвид особено треба да се има сложеноста на дел од извршените (вонредни) инспекциски надзори во првото полугодие, на целата територија на РСМ (по издадените наредби од министерот за култура и поднесени иницијативи, за прашањата од областа на работните односи). Реализацијата на месечните планови за работа во II -то полугодие од 2024 г., повторно ќе зависи од состојбата со постојните ресурси на Секторот, но и проширените надлежности на Министерството за култура и во областа на туризмот, вклучително и во однос на „условите и начинот на вршење на дејноста на туристичките агенции“, согласно со изменувањата и дополнувањата на **Законот за организација и работа на органите на државната управа** (објавени во „Сл. весник на РСМ“ бр. 121/24), по што Министерството за култура, продолжи да работи како Министерство за култура и туризам.

**Управување со ризици**

Во I- то полугодие од 2024 г., државата и граѓаните на РСМ беа соочени со предизвиците и последиците од економски и социјален аспект, настанати од светската (безбедносна и енергетска) криза, што доведе до намалување и на буџетските средства на Министерството за култура за одделни расходи (обуки, нови вработувања, набавка на ново возило), со исклучок на набавената нова ИТ опрема во м. јануари 2023 г., за потребите на вработените во Министерството за култура, вклучително и инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор (вкупно 5 персонални компјутери и еден мултифункционален принтер).

Во 2021 г., од страна на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК согласно со член 32 став (1) од Законот за инспекциски надзор, а врз основа на Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзори врз основа на проценката на ризик („Сл. весник на РСМ“ бр. 247/19), донесен од Инспекцискиот совет, а по спроведената едномесечна стручна обука во рамките на Проектот на ЕБРД (Европска банка за обнова и развој), донесена е Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори во областа на културата со бр. 57-5108/2 од 29.04.2021 г., по којашто на 28.05.2021 г., од Инспекискиот совет е дадено позитивно мислење. Со Методологијата е пропишан начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на инспекторите за култура, а со цел ефективно и ефикасно планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите од областа на културата, како и другите субјекти, за работите од културата. Оттука, резултатите од Методологијата се земени во предвид при подготвувањето на Годишниот план за

работа на Министерството за култура - Сектор за управен и инспекциски надзор за 2023 г. со дел. бр. 57-11395/2 од 14.11.2022 г., за којштo согласно со член 33 став (3) од Законот за инспекциски надзр, од Инспекцискиот совет е добиена потребната Согласност бр. 14-1327/3 од 01.12.2022 г., односно за планираните редовни инспекциски надзори, конкретно од аспект на примена на Законот за културата, Законот за музеите и Законот за издавачката дејност, со подзаконските прописи.

Имено, согласно со Годишниот план за работа на Министерството за култура - Сектор за управен и инспекциски надзор за 2024 г., со дел. бр. 57-8901/5 од 01.11.2023 г., за којштo согласно со член 33 став (3) од Законот за инспекциски надзр, од Инспекцискиот совет е добиена потребната Согласност бр. 14- 1084/3 од 13.12.2023 г., предвидени се **вкупно: 75 инспекциски надзори**, од кои по **Законот за културата – 20 надзори кај национални установи од областа на културата,** по коефициентите на сложеност Q 4 и 5 (од кои 10 редовни, 5 контролни и 5 вонредни), и **30 надзори кај други правни и физички лица**, по коефициентите на сложеност Q 2 и 3 (од кои 20 вонредни и 10 контролни), ***како и*** **25 надзори, од аспект на примена на другите посебни законски и подзаконски прописи од областа на културата,** од кои 15 редовни инспекциски надзори, по коефициентите на сложеност Q 3 и 4 (5 по Законот за музеите, 5 по Законот за издавачката дејност и 5 по Законот за употребата на македонскиот јазик), и 10 контролни инспекциски надзори по коефициентите на сложеност Q 1, 2, 3 и 4 и со вкупно 25 неправилности.

Во првото полугодие од 2024 г., согласно со донесената Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори во областа на културата и Годишниот план за работа на СУИН на МК за 2024 г., извршени се вкупно **8, од планираните 10 редовни инспекциски надзори**, со среден и со висок степен на ризик и со коефициентите на сложеност 3, 4 и 5 утврдени во Одлуката од 2019 г. и тоа од аспект на примена на следните 3 (три) законски прописи од областа на културата:

- Законот за културата (еден редовен надзор, кај национална установа од областа на културата –НУ-Театар за деца и младинци-Скопје, со коефициент на сложеност 5 и со среден степен на ризик, додека два од планираните редовни надзори кај национални установи од областа на културата, не се реализирани од причина, што кај едната национална установа - НУ-Драмски театар-Скопје, во истиот период е извршен вонреден инспекциски надзор по поднесена Иницијатива по истиот Закон, а кај другата национална установа- НУ-Центар за култура „Браќа Миладиновци“ од Струга, поради приоритетно вршење на два вонредни инспекциски надзори, по поднесени иницијативи, исто така кај национални установи по Законот за културата, но во Крушево и Скопје),

-Законот за музеите, со подзаконските прописи (вкупно: 3 редовни надзори, кај национални установи од областа на културата – заводи за заштита на спомениците на културата и музеи, со коефициентот на сложеност 4, два со среден степен на ризик – НУ-Природонаучен музеј-Скопје и НУ за управување со археолошки локалитет Стоби-Градско и еден со висок степен на ризик - НУ-Завод за заштита на спомениците на културата-Струмица), и

-Законот за издавачката дејност, со подзаконските прописи (вкупно 4 редовни надзори, кај трговските друштва - издавачки куќи, со коефициентот на сложеност 3 и со среден степен на ризик).

Со Годишниот план за работа на СУИН на МК за 2024 г., меѓудругото беа планирани и вкупно 5 (пет) редовни инспекциски надзори по Законот за употребата на македонскиот јазик, коишто нема да бидат извршени поради, во меѓувреме донесениот **нов Закон за употребата на македонскиот јазик**, објавен во „Сл. весник на РСМ“ бр. 21/2024, со чиешто влегување во сила на ден 06.02.2024 г., престана да важи Законот од 1998 г. и со тоа и надлежноста на инспекторите за култура, за вршење инспекциски надзор над примената на одредбите од стариот Закон, при што надлежноста премина кај инспектори за македонски јазик, при Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик, орган во состав на Министерството за култура, предвиден со новиот Закон од 2024 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, но и поради зголемен број на поднесени иницијативи, од страна на секторите во МК, преку коишто се врши финансирање на проектите и програмите од национален интерес во културата, со средствата од Буџетот на РСМ, преку МК, како и од другите правни и физички лица (вклучително и иницијативи, препратени од други инспекциски служби, за прашањата од областа на работните односи), но и издадени наредби од тогашната министерка за култура, од инспекторите за култура, при Секторот за управен и инспекциски надзор на МК, во првотополугодие од 2024 г., приоритетно се вршени задолжителни **вонредни инспекциски надзори** и тоа вкупно 37 вонредни инспекциски надзори и вкупно 17 контролни инспекциски надзори.

Иако во првото полугодие од 2024 година се извршени повеќе вонредни инспекциски надзори - вкупно 37, отколку редовни инспекциски надзори (вкупно 8 надзори), предвид треба да се има обемноста и сложеноста на редовните инспекциски надзори (особено на тие со коефициентот на сложеност Q 4 и Q 5 и со утврден висок и среден степен на ризик), кај коишто субјектите на надзорот беа национални установи од областа на културата, по Законот за музеите и подзаконските прописи и по Законот за културата, како и други правни лица (по Законот за издавачката дејност), како и фактот дека, освен други корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку МК (здруженија, трговски друштва, физички лица), исто така и националниустанови од областа на културата (со коефициент на сложеност 4), и локални установи од областа на културата, беа субјекти на надзорот кај вкупно 15 вонредни инспекциски надзори.

Поради обемноста и сложеноста на редовните инспекциски надзори (со задолжителните чек – листи за проверка по сите обврски утврдени во материјалните закони), за вршење на истите е потребен подолг временски период.

Додека, од извршените вкупно 17 контролни инспекциски надзори, од аспект на примена на Законот за културата (13), Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата (1), и Законот за музеите (3), кај национални установи од областа на културата, единици на локалната самоуправа и други корисници на средствата од

Буџетот на РСМ, преку МК, со коефициентот на сложеност Q 2 беа вкупно 9 (девет) надзори, со коефициентот на сложеност3 беа вкупно 3 (три) надзори и пет со коефициентот на сложеност 4 (кај национални установи од областа на културата по Законот за културата).

Оттука, може да се заклучи дека во извештајниот период, од страна на инспекторите за култура постапено е по сите поднесени иницијативи, издадени наредби и налози од Инспекцискиот совет до МК, по исклучок на два планирани редовни инспекциски надзори извршени се останатите планирани редовни инспекциски надзори за првото полугодие, кај субјектите утврдени согласно со донесената Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори во областа на културата од 29.04.2021 година, при што кај 4 субјекти се утврдени неправилности.

Како и во претходниот период, останува проблем поради неусогласеноста на Законотза културата, којшто е системски законски пропис од областа на културата, во делот на неговите прекршочни одредби, коешто според законската обврска требало да се изврши во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на новиот Закон за прекршоците („Сл. весник на РСМ“ бр. 96/19 од 17.05.2019 г.), како и неусогласеноста на Законот за културата, со новиот Закон за инспекциски надзор и покрај укажувањата од Инспекцискиот совет, а што претставува ризик во однос на соодветен надзор и санкционирање согласно со материјалниот закон.

**Организација и раководење**

Работите на инспекцискиот надзор од надлежност на Министерството за култура на РСМ, ги вршат инспектори за култура при организационата единица – Сектор за управен и инспекциски надзор. Работата во Секторот е организирана во 2 одделенија (Одделение за инспекциски надзор и Одделение за управен надзор и контрола над наменското користење на буџетски средства), со 12 систематизирани работни места и вкупно 12 извршители, од кои почнувајќи од 01.06.2023 г., вкупно 5 (пет) работни места се пополнети со вкупно 5 (пет) извршители и тоа: раководител на Сектор – главен инспектор (дипл. правник), 2 виши инспектори (еден дипл. правник и еден дипл. економист), 1 советник – инспектор (дипл. економист), 1 соработник за обработка и евиденција на поднесоци-помошник инспектор (дипл. правник), додека еден извршител - самостоен референт за техничка обработка на документација (со ССП), почнувајќи од 01.06.2023 г., не е веќе во работен однос во Министерството за култура, со што во Секторот, освен инспектори нема друг вработен кадар, а заклучно со 28.06.2024 г., е прекинат ангажман на лице, претходно ангажирано со договор за дело, за техничка обработка на документација, за потребите на инспекциската служба.

Согласно со член 34 од новиот Закон за инспекциски надзор, предвидено е директорот, односно раководителот на инспекциската служба од член 26 од законот, врз основа на годишниот план за работа на инспекциската служба, најдоцна до почетокот на месецот

да донесе месечен план за работа на секој инспектор и истиот во рок од 10 дена од денот на донесувањето да го достави до Инспекцискиот совет за информирање, во електронска форма. Исто така, согласно со член 35 од Законот за инпекциски надзор, предвидено е извештајот за работа на инспекциската служба за претходните 6 (шест) месеци, да го донесува директорот, односно раководителот на инспекциската служба од член 26 од законот. Извештајот за работата на инспекциската служба, се доставува до Инспекцискиот совет за добивање на мислење.

Раководниот инспектор, во извештајниот период покрај вршење на надзори има вршено и други работни задача и тоа; организирање, координирање и насочување на работата со Секторот; распоредување на задачите на извршителите и давање упатства за нивно спроведување, предлагање и подготвување месечен план за работа и грижа за негово реализирање, надзор над реализација на програмата, стручно обработување на прашањата од надзорен карактер во областа на културата, преписка со Инспекцискиот совет, по потреба и по налог вршење преписка со Основното јавно обвинителство, Министерството за финансии, Државната комисија за спречување на корупцијата, судски органи и други органи на државната управа (за барања на податоци, мислења и појаснувања упатени до СУИН на МК), мислења по законски и подзаконски прописи од областа на културата, произнесувања по однос на новинарски прашања, изработка на прашања од областа на културата, за посебниот (стручен) дел од испитот за вработување на адмнистративни службеници (инспектори за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура), (по барање на МИОА), претставки и друго.

Понатаму, и во I-то полугодие од 2024 г., раководниот инспектор согласно со решенијата од 2020 г., со коишто е определена за одговорно службено лице во МК за водење на предмети и вршење на работи за комуникација по предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ, има продолжено со извршување и на овие работни задолженија (предмети за судски и извршни постапки, по различни основи), додека еден од вишите инспектори од 2022 г., е назначен за овластено лице за заштитено внатрешно пријавување во Министерство за култура согласно со Законот за заштита на укажувачи.

Во извештајниот период инспекциски надзори се вршени од страна на вкупно 5 (пет) инспектори, при што не се вршени унапредувања, прераспоредувања или нови вработувања, со забелешка дека последното унапредување на инспекторите е извршено уште во последниот квартал од 2019 г., кога со распишувањето на Интерен оглас бр 03/2019 од 18.12.2019 г., на работните места: раководител на Одделение за инспекциски надзор-виш инспектор и раководител на Одделение за управен надзор и надзор над наменското користење на буџетски средства-виш инспектор, се избрани и распоредени административните службеници од Секторот за управен и инспекциски надзор.

**Табела 1 - Преглед на бројот на инспектори кои врш*еле* инспекциски надзор *во првото* полугодие од 2024 година, по вид, возраст и звање**

| **Вид** | **Инспектор за култура**[вид 1] | | | | | | Инспектор за [вид 2] | | | | | | Инспектор за [вид n] | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 1 | | 1 | 2 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 1 | | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор* | | 1 | | | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Сектор за управен и инспекциски надзор Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 5 |

**Табела 2 -Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во првото полугодие од 2024 година**

| Вид | Инспектор за култура [вид 1] | | | Инспектор за [вид 2] | | | Инспектор за [вид n] | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

.

**Инспекциски надзор**

Според евиденцијата на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, во текот на првото полугодие од 2024 г., беа извршени **вкупно 62 инспекциски надзори (од планираните 55 надзори)**, од кои 8 редовни, 37 вонредни и 17 контролни надзори, од аспект на примена на 5 (пет) законски прописи од областа на културата, и тоа:

-46 инспекциски надзори, од кои еден редовен, 32 вонредни и 13 контролни надзори, извршени од аспект на работењето, како и наменското користење на средствата обезбедени преку МК од Буџетот на РСМ, за програми/проекти од национален интерес во културата,кајнационални установи од областа на културата, единици на локалната самоуправа здруженија на граѓани и другите правни лица, што вршат дејност од областа на културата, како и на други субјекти, за работи од културата, а чие работење подлежи на надзор согласно со **Законот за културата,**

-6 (шест) инспекциски надзори, од кои 3 (три) редовни и 3 (три) контролни надзори, извршени кај национални и локални установи од областа на културата согласно со **Законот за музеите** и подзаконските прописи,

-5 (пет) инспекциски надзори, од кои 4 (четири) редовни и еден вонреден надзор, извршени кај правни лица (издавачки куќи и една национална установа), согласно со **Законот за издавачката дејност и подзаконските прописи**,

-3 (три) инспекциски надзори, од кои 2 (два) вонредни и еден контролен надзор, извршени во единица на локалната самоуправа и кај физички лица, согласно со **Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата**, и

-2 (два) вонредни инспекциски надзори, извршени кај правни лица, согласно со **Законот за употребата на македонскиот јазик** (издавачки куќи).

Додека, за утврдените недостатоци, како и повреди на прописите од областа на културата, во текот на првото полугодие од 2024 г. од страна на инспекторите за култура издадени се **вкупно 21 решение** за отстранување на утврдените недостатоци во определен рок (забелешка: од кои 7 со наредба и 14 со опомена), и тоа по Законот за културата - 16, по Законот за музеите- 3 и по Законот за меморијалните споменици– 2 решенија, како и **вкупно 12 прекршочни платни налози,** од кои 4 ќе бидат издадени во м. јули, 2024 г. (за правните лица и за одговорните лица во правното лице и за физичките лица) и поднесени се две прекршочни барања за сторени прекршоци по Законот за културата, по извршени инспекциски надзори во 2024 г., од кои едно прекршочно Барање е поднесено до Комисијата за одлучување по прекршок, при Министерството за култура, како прекршочен орган, а другото до надлежен Кривичен суд во Тетово.

Со оглед на горенаведеното, во извештајниот период, нема значителни отстапувања во поглед на планираниот број на инспекциски надзори (вкулно: 55), и неправилности, односно од страна на инспекторите за култура се извршени повеќе инспекциски надзори од планираните со месечните планови за работа, односно 62 надзори, а кај 23 субјекти се утврдени неправилности.

Имено, во извештајниот период (јануари-јуни), планирани се вкупно 55 инспекциски надзори (од кои 9 редовни, 26 вонредни и 13 контролни надзори), а извршени се вкупно 62 инспекциски надзори (од кои 8 редовни, 37 вонредни и 17 контролни надзори), од аспект на примена на 5 (пет) законски прописи од областа на културата, додека планирани се вкупно 15 неправилности во повеќе градови, а при извршените 23 инспекциски надзори во извештајниот период (редовни, вонредни и контролни), откриени се неправилности кај субјектите, лоцирани во Скопје (Центар – 5 надзори, Ѓорче Петров и Карпош), Тетово – 4 надзори, Крушево, Охрид-2 надзори, Струга, Кичево, Битола, Галичник, Градско, Радовиш, Штип, Карбинци, Струмица).

Согласно со издадените решенија за отстранување на недостатоците, во Буџетот на РСМ, од страна на инспекторираниот субјект, се вратени средствата во вкупен износ од 196.000 денари, а согласно со издадените платни налози на инспекторите за култура, во Буџетот на РСМ, за изврпените инспекциски надзори во 2024 г., се прибрани средствата во вкупен износ од 100.021 денари, додека од извршените инспекциски надзори во 2023 г. (вкупно 2 надзори, кај национални установи), се прибрани средствата во износ од 69.396 денари или се вкупно 169.417 денари.

Во извештајниот период, по однос на поднесените прекршочни барања на инспекторите за култура, од страна на Основниот суд Гостивар, со Пресуда ПРК бр. 43/2023-0 од 14.09.2023 г., на обвинетиот А.А. од с. Здуње, како директор на национална установа, изречена му е глоба во износ од 200 евра, во денарска противвредност во износ од 12.300 денари согласно со член 121 став 1 в.в со член 117 став 1 алинеја 6 и став 2 од Законот за прекшоците, при што провстепената Пресдуа е потврдена со Пресудата ПРКЖ бр. 124/24 од 14.03.2024 г., на Апелациониот суд Гостивар, со којашто Жалбата на обвинетиот е одбиена како неоснована. Исто така, од страна на Основниот суд Тетово, е донесена Пресуда ПРК бр. 14/24-0 од 12.02.2024 г., со којашто на одговорното лице во правното лице (здружение) и на правното лице, им е изречена прекршочна санкција – опомена согласно со членовите 22, 34, 66 и 2 од Законот за прекшоците.

Исто така, против донесеното Решение бр. 66-10616/9 од 28.12.2023 г., на Комисијата за одлучување по прекршок при Министерството за култура, со коешто е утврден сторен прекршок за поранешно одговорно лице (директор) на национална установа од областа на културата, изречена е глоба во износ од 150 евра, во денарска противвредност (9.225 денари), од страна на сторителот е заведен управен спор, во којшто по однос на поднесената Тужба, Управниот суд на РСМ има донесено Решение УПР бр. 53/2024 од 16.04.2024 г., со коешто е одбиена како неоснована Тужбата против Решението на Комисијата за одлучување по прекршок на МК бр. 66-10616/9 од 21.12.2023 г., а изречената глоба од тужителот, е платена на ден 30.05.2024 година.

Во извештајниот период, вршени се инспекциски надзори кај субјектите од целата територија на РСМ и тоа од Скопје (општина Центар, Аеродром,Чаир, Карпош, Ѓорче Петров), Гостивар, Тетово, Штип, Крушево, Куманово, Кочани, Охрид, Струга, Струмица, Кичево, Битола, Галичник, Градско, Липково, Виница, Струмица, Карбинци и Радовиш, при што најголем број на инспекциски надзори се извршени во Скопје-општина - Центар.

Приказ на реализацијата на годишниот и месечните планови за инспекциски надзор на инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во првото полугодие од 2024 година, односно статистички информации и податоци се прикажани во форма на табеларен преглед.

**Табела 3**
**Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во првото полугодие од 2024 г., по региони и општини**

| Ред.бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| 1 | Велес | | | | 0 | |
| 2 | Градско | 1 | | | 1 | 1 |
| 3 | Демир Капија | | | | 0 | |
| 4 | Кавадарци | | | | 0 | |
| 5 | Лозово | | | | 0 | |
| 6 | Неготино | | | | 0 | |
| 7 | Росоман | | | | 0 | |
| 8 | Свети Николе | | | | 0 | |
| 9 | Чашка | | | | 0 | |
| | Источен регион | 0 | 6 | 0 | 6 | 2 |
| 10 | Берово | | | | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Виница | | 1 | | 1 | |
| 12 | Делчево | | | | 0 | |
| 13 | Зрновци | | | | 0 | |
| 14 | Карбинци | | | | 0 | |
| 15 | Кочани | | 1 | | 1 | |
| 16 | Македонска Каменица | | | | 0 | |
| 17 | Пехчево | | | | 0 | |
| 18 | Пробиштип | | | | 0 | |
| 19 | Чешиново | | | | 0 | |
| 20 | Штип | | 4 | | 4 | 2 |
| | Југозападен регион | 0 | 3 | 3 | 6 | 4 |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | |
| 22 | Дебар | | | | 0 | |
| 23 | Дебарца | | | | 0 | |
| 24 | Кичево | | 1 | 1 | 2 | 1 |
| 25 | Македонски Брод | | | | 0 | |
| 26 | Охрид | | 1 | 2 | 3 | 2 |
| 27 | Пласница | | | | 0 | |
| 28 | Струга | | 1 | | 1 | 1 |
| 29 | Центар Жупа | | | | 0 | |
| | Југоисточен регион | 1 | 2 | 1 | 4 | 2 |
| 30 | Богданци | | | | 0 | |
| 31 | Босилово | | | | 0 | |
| 32 | Валандово | | | | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | Василево | | | | 0 | |
| 34 | Гевгелија | | | | 0 | |
| 35 | Дојран | | | | 0 | |
| 36 | Конче | | | | 0 | |
| 37 | Ново Село | | | | 0 | |
| 38 | Радовиш | | 1 | 1 | 2 | 1 |
| 39 | Струмица | 1 | 1 | | 2 | 1 |
| | Пелагониски регион | 0 | 4 | 2 | 6 | 3 |
| 40 | Битола | | 3 | 1 | 4 | 2 |
| 41 | Демир Хисар | | | | 0 | |
| 42 | Долнени | | | | 0 | |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | |
| 44 | Крушево | | 1 | 1 | 2 | 1 |
| 45 | Могила | | | | 0 | |
| 46 | Новаци | | | | 0 | |
| 47 | Прилеп | | | | 0 | |
| 48 | Ресен | | | | 0 | |
| | Полошки регион | 0 | 7 | 5 | 12 | 5 |
| 49 | Боговиње | | | | 0 | |
| 50 | Брвеница | | | | 0 | |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | |
| 52 | Гостивар | | | | 0 | |
| 53 | Желино | | | | 0 | |
| 54 | Јегуновце | | | | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 55 | Маврово и Ростуша | | 1 | 1 | 2 | 1 |
| 56 | Теарце | | | | 0 | |
| 57 | Тетово | | 6 | 4 | 10 | 4 |
| | Североисточен регион | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 |
| 58 | Кратово | | | | 0 | |
| 59 | Крива Паланка | | | | 0 | |
| 60 | Куманово | | 1 | | 1 | |
| 61 | Липково | | | 1 | 1 | |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | |
| | Скопски регион | 6 | 14 | 5 | 25 | 6 |
| 64 | Аеродром | | | | 0 | |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | |
| 66 | Бутел | | | | 0 | |
| 67 | Гази Баба | | | | 0 | |
| 68 | Ѓорче Петров | | 1 | | 1 | 1 |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | |
| 70 | Илинден | | | | 0 | |
| 71 | Карпош | 2 | 2 | | 4 | 1 |
| 72 | Кисела Вода | | | | 0 | |
| 73 | Петровец | | | | 0 | |
| 74 | Сарај | | | | 0 | |
| 75 | Сопиште | | | | 0 | |
| 76 | Студеничани | | | | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 77 | Центар | 4 | 10 | 4 | 18 | 4 |
| 78 | Чаир | | 1 | 1 | 2 | |
| 79 | Чучер-Сандево | | | | 0 | |
| 80 | Шуто Оризари | | | | 0 | |
| | ВКУПНО | 8 | 37 | 17 | 62 | 23 |

**Обука на инспекторите и административните службеници**

Во извештајниот период,инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор, немаа поминато обуки, со оглед на тоа што не се добиени покани, за ниту една обука, додека понудените „online“ обуки не беа од интерес за работата на инспекторите за култура (како на пр. за јавни набавки, заштита на лични податоци, менаџирање и сл.). Задолжителните три генерички on-line обуки со користење на платформата за електронско учење, од Годишната програма за генерички обуки за 2024 г. на Инспекцискиот советна РСМ, е планирано да бидат поминати во второто полугодие од 2024 година.

**Буџет и финансирање**

Имајќи предвид дека Секторот за управен и инспекциски надзор, е организациска единица во рамките на Министерството за култура, нема посебен буџет, туку расходите се намируваат во рамките на Буџетот на Министерството за култура (плати, трошоци за гориво, патаринии друго). Секторот за управен и инспекциски надзор не врши дополнителни активности, односно не остварува дополнителни парични средства, со исклучок на прибраните средства во Буџетот на РСМ, по основ на издадените решенија на инспекторите и издадените прекршочни платни налози.

Според податоците од надлежниот Сектор за финансиски прашања на МК и евиденцијата на инспекцијата, вкупните расходи за Секторот за управен и инспекциски надзор за првото полугодие од 2024 г., се прикажани во следниот табеларен преглед:

| **Ред. бр.** | **Вид на трошок** | **Износ** |
|---|---|---|
| **1.** | Бруто плати за вработените во Секторот (за 5 инспектори, заклучно со 31.06.2023 г.) | 2.506.750 денари |
| **2.** | За еден надворешен соработник | 199.800 денари |
| **2.** | Патарини | 4.880 денари |
| **3.** | Други трошоци | 25.115 денари |
| **Вкупно:** | | **2.736.545 денари** |

**Меѓународнасоработка**

Во извештајниот период не е остварена соработка на билатерална или мултилатерална основа. Усогласување, односно хармонизација на материјалните закони од областа на културата со законодавството на ЕУ и придонес кон евро-интеграциските процеси, се врши преку другите надлежни организациски единици на Министерството за култура.

**Други активности на инспекциската служба**

Во насока на зголемување на транспарентноста во работењето и согласно со обврската од Законот за инспекциски надзор и во текот на првото полугодие од 2024 г., на официјалната веб-страница на МК е продолжено со објавување во „деперсонализирана форма“ на инспекциските акти (записници и решенија), во согласност со прописите за заштита на личните податоци. Инспекциските акти се скенираат, а потоа се бришат личните податоци, чие откривање би значело повреда на заштита на личните податоци, при што има одредено задоцнување во нивното објавување од причина што, лицето коешто беше задолжено за ова работно задолжение, самостоен референт за техничка обработка на документација (со ССП), почнувајќи од 01.06.2023 г., не е веќе во работен однос во Министерството за култура, повторно со напомена како за претходниот временски период дека „онлајн“ програмата што се користи е со ограничени можности за побрза обработка на инспекциските акти.

Во извештајниот период, за потребите на Одделението за логистичка поддршка на Министерството за култура, давани се одговори по новинарски прашања во однос на извршените инспекциски надзори, преземените мерки и други прашања.

Донесените решенија бр. 44-7916/1 од 29.7.2020 г., од заменик – министерот за култура и бр. 44-10269/1 од 7.10.2020 г., од тогашната министерка за култура, со коишто раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор - главен инспектор за култура е определена и за одговорно службено лице во МК за водење на предмети и вршење на работи за одговорно службено лице за комуникација по предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ (спорови по различни основи – должничко – доверителски, работни односи и други, во коишто МК е тужител или тужена страна), и во извештајниот период имаше негативно влијание врз вкупниот број на планираните и реализираните инспекциски надзори во извештајниот период, особено надзорите со повисоки коефициенти на сложеност (Q 4 и 5), кај национални установи од областа на културата по Законот за културата и Законот за музеите.

Додека, вишиот инспектор – раководител на Одделението за управен надзор и надзор над наменско користење на средствата од буџетот, е назначен за овластено лице за заштитено внатрешно пријавување во Министерство за култура согласно со Законот за

заштита на укажувачи („Сл. весник на РСМ бр. 196/15). Истовремено, врз основа на член 15 став (1) од Законот за заштита на укажувачи, овластеното лице, на секои 6 месеци до Државната комисија за спречување на корупцијата доставува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи во Министерството за култура.

Во извештајниот период инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор, покрај учество во судски постапки (забелешка: пред Основен граѓански суд Скопје), во својство на претставници на Министерството за култура и подносители на прекршочните барања, имаат остварено соработка и преписка со други органи на државната управа, особено со инспекциската служба на Министерството за финансии, Државната комисија за спречување на корупцијата, ОЈО и други, со цел подготовка на мислења, достава на списи и податоци во судски постапки, водење инспекциска (статистичка) евиденција и друго.

Во извештајниот период, покрај извршување на надлежностите утврдени со законите од областа на културата, Законот за инспекциски надзор и актите за систематизација на работните места во МК, како и извршување на другите работни задачи, Секторот за управен и инспекциски надзор нема реализирано активности во насока на употреба или надградби на ИТ системите.

**Заклучоци и препораки**

Имајќи ја предвид кризната состојба на светското ниво (безбедносна, здравствена и економска), но и човечките ресури на Секторот (вкупно 5 инспектори за целата територија на РСМ), општата оценка **за** остварeноста на зацртаните цели и плановина Секторот е исклучително добра. Реализацијата на месечните планови за работа во II -то полугодие повторно ќе зависи од горенаведеното и согласно со тоа ќе се почитуваат идните мерки и препораки, што ќе бидат донесени во таа насока.

Имено, во текот на I -то полугодие од 2024 г., од страна на инспекторите за култура, биле извршени вкупно 62 инспекциски надзори, од кои 8 редовни, 37 вонредни и 17 контролни надзори и тоа од аспект на примена на 5 (пет) закони од областа на културата (од вкупно 7 закони, за коишто во моментот се надлежни иинспекторите за култура), од кои 46 по Законот за културата, 6 по Законот за музеите, 5 по Законот за издавачката дејност, 2 по Законот за употребата на македонскиот јазик и 3 по Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата, а за утврдените недостатоци/неправилности, издадени се вкупно 21 решенија со опомена/наредба, вкупно 12 платни налози (од кои 4 ќе бидат издадени во м. јули, 2024 г.), и поднесени се 2 прекршочни барања по Законот за културата, со што во I-то полугодие нема значителни отстапувања во поглед на планираните надзори и неправилности (планирани: вкупно 55 надзори, од кои 10 редовни, 29 вонредни и 16 контролни, односно 41 по Законот за културата, 5 по Законот за музеите, 5 по Законот за издавачката дејност, 2 по Законот за употребата на македонскиот јазик и 2 по Законот за мемроијалните споменици и спомен-обележјата, со вкупно 18 неправилности), напротив извршени се повеќе надзори и е утврден поголем број на неправилностите.

Воедно, може да се заклучи дека поради мал број на инспектори за култура (вкупно 5 за целата територија на РСМ), и тековните (обемни) обврски на главниот инспектор со предметите од надлежност на Државното правобранитеслтво на РСМ за целата територија на РСМ (заклучно со м. јуни, 2024 г., во тек се повеќе од 50 судски постапки, во коишто МК е тужен или тужител, по различни основи), поради што останува и понатаму потреба од зголемување на постојниот број на инспектори за култура, како и соодветни измени на постојниот акт за систематизација на работните места на МК (во однос на укинување на одделни надлежности на вработените, зголемување на бројот на инспектори, укинување на одделни работни места итн.).

Оттука, реализацијата на месечните планови за работа во второто полугодие од 2024 г., повторно најмногу ќе зависи од подобрување на состојбата со човечките ресурси, односно покрај зголемување на бројот на инспектори и тоа минимум за уште двајца извршители, има потреба за стручни усовршувања на инспекторите, прераспоредување на дополнителните работни обврски на други организациони единици во МК и соодветно вреднување на работата на инспекторите, како и подобрување на техничките ресурси на Секторот за управен и инспекциски надзор, односно итна набавка на ново службено возило (постојното е со година на производство март, 2004 г. и не ги задоволува потребите на Секторот, ниту од безбедносен аспект, ниту од можноста за соодветно и навремено вршење на инспекциски надзори надвор на целата територија на РСМ).

Предвид треба да се имаат последните изменувања и дополнувања на **Законот за организација и работа на органите на државната управа** (објавени во „Сл. весник на РСМ“ бр. 121/24), со коишто се проширени надлежностите на Министерството за култура и во областа на туризмот и по што Министерството за култура, продолжи да работи како Министерство за култура и туризам. Имено, согласно со изменувањата и дополнувањата на членот 26 од Законот, надлежноста на Министерството се проширува и со: интегралното планирање на развојот на туризмот и комплементарни активности; развојот, прогласување и одржливо користење на туристички простор и туристички дестинации од значење за туризмот; промоцијата на туризмот во земјата и во странство; подобрувањето на системот на вредност и конкурентност на туристичките места и производи и истражувањето на туристичкиот пазар, развој на туристички информациски систем и *условите и начинот на вршење на дејноста на туристичките агенции*“. Предметните изменувања и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа, може да предизвикаат дополнителни надлежности на инспекторите за култура.